**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА ЖАЛБИ**
**ПО ЈАВНИ НАБАВКИ**
Бр.07-603/7
22.09.2010 год.
С к о п ј е

Државната комисија за жалби по јавни набавки во состав: Маја Малахова – претседател, Мишо Василевски – член, Сузана Раваноска – член, Елита Шуки – член и Едита Насковска – член, врз основа на член 200 од Законот за јавните набавки (Службен весник на Република Македонија бр.136/2007 бр.130/2008 и бр.97/2010) постапувајќи по жалбата на жалителот - „ВАРУС“ ДООЕЛ – Скопје, наш бр.07-603/1 од 16.08.2010 година, изјавена против Одлуката за избор на најповолна понуда бр.02-1823 од 03.08.2010 година донесена по Огласот за доделување на договор за јавна набавка со Отворена постапка бр.17-15/2010 за набавка на стоки - погонски и лабараториски хемикалии и лабараториска стакларија на договорниот орган АД ЕЛЕМ - Скопје, Подружница РЕК „ОСЛОМЕЈ“ - Осломеј, врз основа на член 220 став 1, алинеја 1 и став 3 од Законот за јавни набавки на 33$^{-та}$ Седница одржана на 22.09.2010 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**1. СЕ КОНСТАТИРА** повлекување на жалбата изјавена од „ВАРУС“ ДООЕЛ – Скопје, изјавена против Одлука за избор на најповолна понуда бр.02-1823 од 03.08.2010 година донесена по Огласот за доделување на договор за јавна набавка со Отворена постапка бр.17-15/2010 за набавка на стоки - погонски и лабараториски хемикалии и лабараториска стакларија на договорниот орган АД ЕЛЕМ – Скопје, Подружница РЕК „ОСЛОМЕЈ“ - Осломеј.

**2. СЕ ПРЕКИНУВА** постапката по предметот бр. 07-603/2.

**3.** Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки е конечно.

***О б р а з л о ж е н и е***

Државната комисија за жалби по јавни набавки постапувајќи по предметот бр.07-603/2 во однос на вложената жалба поднесена од „ВАРУС“ ДООЕЛ – Скопје констатира дека со допис доставен на 20.09.2010 година жалителот ја повлекува жалбата против Одлука за избор на најповолна понуда бр.02-1823 од 03.08.2010 година донесена по Огласот за доделување на договор за јавна набавка со Отворена постапка бр.17-15/2010 за набавка на стоки-погонски и лабараториски хемикалии и лабараториска стакларија на договорниот орган АД ЕЛЕМ – Скопје, Подружница РЕК „ОСЛОМЕЈ“ - Осломеј .

Имено, согласно член 220 став 1, алинеја 1 од Законот за јавните набавки во постапката за правна заштита, Државната комисија може да ја прекине постапката заради повлекување на жалбата од страна на жалителот.

Со оглед на изнесеното, Државната комисија за жалби по јавни набавки одлучи како во диспозитивот од причина што и немаше потреба да постапува по соодветниот предмет.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Маја Малахова**

Правна поука: Согласно член 230 од Законот за јавните набавки и член 20 од Законот за управните спорови, против ова решение незадоволната странка може да поднесе тужба до Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Бр.07-603/7
22.09.2010 год.
С к о п ј е

Доставено до:
- Странките; и
- Архива.